Основно училиште „Гоце Делчев“

општина Могила

**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО**

2014 -2015 год

# Годишна програма за работа на училиштето

## 1. Вовед

Врз основа на член 35 од Законот за основно образование (Сл.весник на Р.М бр.103/2008 год.) и чл.__од Статутот на ОУ „Гоце Делчев“ с.Могила, Училишниот одбор на својата седница одржана на _________ год. донесе:

ГОДИШНА ПРОГРАМА

За работа на училиштето „Гоце Делчев“ за учебната 2014/2015година

Документи врз кои се заснова оваа годишна програма:

- Законот за основно образование, Закон за работни односи, Закон за јавни набавки, Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони.
- Под- законски и интерни акти и правилници на училиштето
- Наставните планови и програми за учебната 2014/2015
- Концепција за деветгодишно образование
- Статут на училиштето
- Програма за развој на училиштето
- Програмата за работа на училиштето од претходната година
- Извештаи (Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година, извештаи од интегрална евалвација, од само- евалвација, програма за развој, извештај од екстерно оценување, извештаи за финасиското работење на училиштето, записници).

## 2. Лична карта на училиштето

| Име на училиштето | „Гоце Делчев“ | | |
|---|---|---|---|
| адреса, општина, место | Могила , с.Могила | Радобор | Д.Чарлија |
| телефон | 047 296 366 | / | / |
| фах | 047 296 366 | / | / |
| е-маил | ucilistegocedelcev@yahoo.com | | |
| основано од | Општина Могила | Општина Могила | Општина Могила |
| Верификација- број на актот | Бр. 10 – 1242/2 од 10.07.2008 год. | Бр. 10 – 1242/2 од 10.07.2008 год. | Бр. 10 – 1242/2 од 10.07.2008 год. |
| Година на верификација | 2008 година | 2008 година | 2008 година |
| Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик | Македонски јазик | Македонски јазик |
| Година на изградба | | | |
| Тип на градба | Цврста градба | Цврста градба | Цврста градба |
| Површена на објектот | 795 | 152 | 253 |
| Површина на училшниот двор | 6036 | 6213 | 14000 |
| Површина на спортски терени и игралишта | 1668 | / | / |
| Училиштето работи во смена | 1 (прва смена) | 1 (прва смена) | 1 (прва смена) |
| Начин на загревање на училиштето | Парно греење( нафта ) | дрва | дрва |
| Број на одделенија | 9 | 3 | 4 |
| Број на паралелки | 11 | 1 к.п | 1 к.п |
| Број на смени | 1 | 1 | 1 |
| Статус на еко-училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено ниво) | Зелено знаме по втор пат | | |
| Датум на добиен статус | Март 2014 | | |

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 3 |
| **Број на подрачни училишта** | 2 |
| **Број на спортски терени** | 1 |
| **Број на катови** | 1 |
| **Број на училници** | 9 |
| **Број на помошни простории** | 2 |
| **Училишна библиотека** | да |
| **Начин на загревање на училиштето** | Парно греење |

| | |
|---|---|
| **Материјално технички услови** | Преку повеќе проекти поддржани од МОН, преку соработка со USAID, со Општина Могила и преку разни донации, секоја година ја подобруваме опременоста на училиштето и материјално техничките услови за работа. Така, оваа учебна година ќе ја започнеме со:<br>• Наставни средства по природната група на предмети<br>• Лап-топ<br>• 2 Бели табли<br>• Затварач за врата<br>• LCD проектор и платно<br>• 60 Class mate компјутери<br>• Камера<br>• Дигитален апарат<br>• Делумно опремен кабинет по музичко образование ( гитара, пијано)<br>• Комплетно опремен кабинет по ТО<br>• Касетофон 3<br>• Касетофон со CD 1<br>• Телевизор 1<br>• ДВД до сараунд 1<br>• Графоскоп<br>• Фах<br>• Копир со печатар и скенер |

| | |
|---|---|
| | • Во 4 училници се инсталирани компјутерите од проектот „Компјутер за секое дете“<br>• SMART табла<br>• Спортска сала во изградба<br>• Ново повеќенаменско игралиште<br>• Комплетно бојадисување на училиштето (централно и подрачни) |

**Скица на училиштето**






**Мапа на местоположбата на училиштето**

- ***структура на училиштето*** (училиштен одбор, совет на родители,наставнички совет, стручни активи, одделенски совети,ученичка заедница)

| | |
|---|---|
| **Членови на училиштен одбор (име и презиме)** | Николче Трајковски<br>Билјана Спировска<br>Борче Огненовски<br>Наташа Колтоска<br>Бети Трајковска<br>Вера Кимовска<br>Марија Вељанова<br>Љупка Пивковска (ќе се избере нов член) |
| **Членови на совет на родители (име и презиме)** | Весна Јаневска<br>Јасмина Колтоска<br>Билјана Спировска<br>Марија Простиженовска<br>Кирил Мантевска<br>Маргарета Шемовска<br>Даниела  Огненовска<br>Бранкица Кековска<br>Зоран Павловска<br>Васко Трајчевски<br>Јулијана Ристевска |
| **Стручни активи (видови)** | • Стручен актив на одделенски наставници<br>• Јазичен стручен актив<br>• Стручен актив на наставниците по биологија, хемија, географија, природни науки и |

| | |
|---|---|
| | природни науки и техника<br>• Стручен актив на наставниците по историја, граѓанско образование, етика и етика во религиите<br>• Актив по математика, физика, информатика и техничко образование<br>• Актив на наставниците по ликовно, музичко, физичко образование |
| **Одделенски совети (број на наставници)** | 22 |
| **Членови на ученичка заедница (број на ученици)** | 16 |
| **Членови на еко-одбор (број)** | 15 |

***- Наставен кадар***

| **Одд.** | **вкупно** | **Етничка и полова структура на учениците** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Роми** | | **други** | |
| | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **Број на вработени** | 27 | 4 | 23 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Број на наставен кадар** | 22 | 2 | 20 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Број на стручни соработници** | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Административни работници** | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Техничка служба** | 5 | 2 | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Директор** | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |

- Преглед на административниот, раководниот и техничкиот персонал

| Ред. бр. | Име и презиме | Работно место | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1. | Лилјана Костовска | Директор, ВСС | 1 |
| 2. | Валентина Талевска | Секретар – благајник ВСС | 1 |
| 3. | Јасна Ѓоргиевска | Психолог, ВСС | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4.<br>5.<br>6.<br>7. | Кирил Мантевски<br>Николина Чагорска<br>Славица Трифуновска<br>Петра Стојановска | Помошен работник III ст.<br>Помошен работник Ос.<br>Помошен работник Ос.<br>Помошен работник Ос. | 4 |
| 8. | Јове Јаневски | Хаус-мајстор, ложач ССС | 1 |

**Степен на образование на вработени**

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Високо образование | 21 |
| Виша стручна спрема | 1 |
| Средно образование | 2 |
| Основно образование | 3 |

**Староснa структура на вработени**

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-29 | 4 |
| 30-39 | 11 |
| 40-49 | 9 |
| 50 - пензија | 3 |

– ***Ученици***

| Одд. | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | 3 | 28 | 16 | 12 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| II | 1 | 17 | 10 | 7 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| III | 1 | 18 | 10 | 8 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| IV | 1 | 18 | 11 | 7 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| V | 1 | 15 | 10 | 5 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| I - V | 7 | 96 | 57 | 39 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| VI | 1 | 17 | 9 | 8 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| VII | 1 | 14 | 7 | 7 | / | / | / | / | / | / | / | / |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **VIII** | 1 | 12 | 6 | 6 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **IX** | 1 | 10 | 4 | 6 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **V - IX** | 4 | 53 | 26 | 27 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **I - IX** | 11 | 149 | 83 | 66 | / | / | / | / | / | / | / | / |

Во подрачните училишта функционираат комбинирани паралелки и тоа во с. Радобор една комбинирана паралелка со ученици од прво, второ и трето одделение а во с. Д. Чарлија комбинирана паралелка со ученици од прво, трето, четврто и петто одделение.

– ***Наставен јазик***

| | Наставен јазик-македонски | Наставен јазик-албански | Наставен јазик-турски | Наставен јазик-српски |
|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 11 | / | / | / |
| **Број на ученици** | 149 | / | / | / |
| **Број на наставници** | 22 | / | / | / |

## 3. Визија и мисија

### ВИЗИЈА

- **Училиштето отворена врата кон успехот**

Училиштето да биде добро организирана, материјално-технички опремена и кадровски екипирана образовна установа која своите воспитно-образовни активности ќе ги насочи кон тоа да ги поттикнува и насочува своите ученици кон повисоките степени на образование. Со тоа сметаме дека ќе им ги зголемиме шансите за успех, среќа и квалитетен живот

### МИСИЈА

- **Учиме за животот – учиме од животот**

Нашата цел е да ги подготвиме учениците за учење, обука, работа и целосна мобилност и тогаш кога се надвор од училиштето, во секојдневниот живот во една демократска и мултикултурна земја.

## 4. “Lessons Learned”- Веќе научено/ Стекнати искуства

Со реализацијата на АЦЕС проектот The past inspires the present – A glimpse into Balcan cultural diversity се увидоа позитивните влијанија во сите аспекти од

работата на училиштето. Со оглед на тоа училиштето и оваа учебна година ќе работи на аплицирање и реализација на меѓународни проекти.

## 5. Подрачја на промени, приоритети и цели

- Изградба на спортска сала (во соработка со МОН)
- Изградба на пристапна рампа
- Реновирање на санитарните јазли
- Реновирање на училницата за прво одделение
- Опремување на медијатека
- Набавка и изработка на нагледни средства
- Продолжување на соработката и воспоставување на соработка со нови училишта во странство (во рамки на проектот од CENTROPA, ACES и Erasmus+)
- Зајакнување на соработката со училиштата во Р.Македонија (Како дел од проектот Меѓуетничка соработка)
- Зголемување на бројот на ученици кои ќе учествуваат на натпревари

| | Година 2014/2015 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Временска рамка (месец) | | | | | | | | | | | | | | | | Следење | | |
| **Задача** | **Активност** | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** | □ x | **Потребен буџет** |
| Зголемување на бројот на ученици кои ќе учествуваат на натпревари | Формирање на тим | x | | | | | | | | | | | | Тим | | | Формиран тим | Директор | | / |
| | Следење на натпреварите кои се организираат од страна на акредитирани здруженија и институции и редовно информирање на наставниците | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | | | Тим | | | Навремено известување и подготовка за натпревари | Славјанка Христова | | / |
| | Следење на конкурси- во државата и надвор од неа и редовно информирање на наставниците | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | | | Тим | | | Навремено известување и учество на конкурси | Снежана Вујасиновиќ | | / |
| | Организирање на меѓуучилишни натпревари во рамки на општината | | | | x | | | | x | x | | | | Тим | | | Организирани натпревари | Благојче Ѓоргиевски | | 6000 ден. |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Учество на натпревари | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | | | Наставник ментор | | | Зголемен број на ученици кои учествуваат на натпревари за 20% | Тим | | Патни трошоци за учениците и наставниците |
| Набавка на нагледни средства | Утврдување на потребата од нагледни средства | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | Претседатели на стручни активи | Прашалник Предлози и барања од наставниците | Прашалник | Список со приоритетни наставни средства | Блага Тодоровска | | / |
| | Обезбедување на финансии за нагледни средства преку отворени денови и саеми во училиштето | | x | | x | | | | x | | | | | Претседател на училишен одбор Претседател на совет на родители | Отворени денови Саеми Спонзорства | | Обезбедени финансиски средства | Претседател на училишен одбор Претседател на совет на родители | | / |
| | Подготовка и испраќање на апликации за обезбедување на нагледни средства и наставни помагала | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | Директор Психолог | | Апликации | Подготвена апликација | Директор | | |
| | Набавка на нагледни средства | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | x | Тим | | | Набавени нагледни средства и наставни помагала | Директор | | Согласно тоа кои нагледни и наставни средства ќе се сметаат за приоритет. |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реновирање на санитарни јазли | Анализа на состојбата | x | | | | | | | | | | | x | Претседател на училишен одбор Претседател на Совет на родители Директор | | | Утврдена состојба(што е потребно да се реновира) | Директор | | |
| | Изготвување на предлог проект за реновирање на санитарните јазли | | x | | | | | | | | | | | Директор Претседател на Училишен одбор | | | Изготвен предлог проект | Директор | | |
| | Обезбедување на финансиски средства за реновирање на санитарните јазли | | | | | | | | | | | | | Директор | Испраќање на апликации до соодветни институции | | Обезбедени финансиски средства | Директор | | Согласно предлог проектот |
| | Реновирање на санитарните јазли | | | | | | | | | | | | | Директор | | | Реновирани санитарни јазли | Директор | | |
| Опремување на училницата во која се изведува настава за прво одделение | Воспоставување на соработка со УНИЦЕФ и Општина Могила | | | x | | | | | | | | | | Директор | | | Воспоставена комуникација со претставници од УНИЦЕФ и општина Могила | Директор | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Опремување на училницата со потребниот инвентар и наставни средства и помагала | | | | | | | | | | | | | Директор | Обезбедување на финансии за опремување на училницата со цел истата да се користи за настава на првоодделенците и како занимална за предшколски деца. | | Опремена просторија | Директор Претставник од општина Могила | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

## 6. Календар за работа

Учебната 2014/2015 ќе започне на 01.09.2014 год. Првото полугодие завршува на 31.12.2014 год. Зимскиот распуст е од 01.01.2015 год. до 19.01.2015 год. Второто полугодие започнува на 20.01.2015 год. а завршува на 10.06.2014 год.

Со посебни програми ќе бидат обележани следните денови:

12. 09. 2014 год. Ден на општина Могила (петок)

04.05.2015 год. Патронен празник на ОУ „Гоце Делчев" Могила (понеделник)

Ден на дрвото (согласно упатствата од МОН)

### Програма на неработни денови за 2014 /2015 година

Согласно со Законот за празници на Република Македонија (Сл.весник на РМ број 21/98 и 18/07) неработни денови во учебната 2013/2014 се:

| | Празник | Дата | ден |
|---|---|---|---|
| 1 | Ден на независноста | 08.10.2014 | понеделник |
| 2 | Ден на македонската револуционерна борба | 23.11.2014 | четврток |
| 3 | "Св. Климент Охридски" | 09.12.2014 | вторник |
| 4 | Нова Година | 01.01.2015 | четврток |
| 5 | Бадник, ден пред Божик | 06.01.2015 | вторник |
| 6 | Божик, првиот ден на Божик според православниот календар | 07.01.2015 | среда |
| 7 | Богојавлене (Водици) | 19.01.2015 | понеделник |
| 8 | Велики Петок, петок пред Велигден | 10.04.2015 | петок |
| 9 | Велигден, вториот ден на Велигден според православниот календар | 13.04.2015 | понеделник |
| 10 | Ден на трудот | 01.05.2015 | петок |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11 | „Св. Кирил и Методиј“- Ден на сесловенските просветители | 25.05.2015 | понеделник |
| 12 | Духовден, петок пред Духовден | 01.06.2015 | понеделник |
| 13 | Ден на Републиката | 03.08.2015 | понеделник |
| 14 | Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица) | 28.08.2015 | петок |

- ***Еколошки календар***

| | |
|---|---|
| 5 март | Светски ден за заштеда на енергија |
| 22 март | Светски ден за заштеда на водите |
| 7 април | Светски ден на здравјето |
| 22 април | Светски ден на планетата |
| 15 мај | Светски ден за заштита на климата |
| 31 мај | Светски ден против пушењето |
| 5 јуни | Светски ден за заштита на животната средина |
| 16 септември | Светски ден за заштита на озонската обвивка |
| 22 септември | Меѓународен ден без автомобили |
| 08 октомври | Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата |
| 15 октомври | Меѓународен ден на пешаците |
| 16 октомври | Меѓународен ден на храната |
| Ден на дрвото – ден на еколошка акција на младите и граѓаните на Република Македонија – ненаставен ден<br>Ден на акција на еко-училиштата- се реализира два пати во текот на една учебна година<br>Ајде Македонија- ден на еколошка акција на младите и граѓаните на Република Македонија | |

## 7. Настава

***Организација на задолжителна настава***

Наставата во ОУ „Гоце Делчев“ Могила во учебната 2014/2015 год. ќе се изведува во една смена – претпладне. Првиот час ќе започнува во 7:40 а седмиот час ќе завршува во 13:05.

Наставниците од прво до трето одделение ќе реализираат продолжена програма еден час после завршување на наставата по потреба и во согласност со родителите.

Наставата ќе се одвива во училници а при тоа ќе се користат и кабинетите по техничко и музичко образование. Просторијата во која е инсталирана SMART таблата ќе се користи согласно изготвениот распоред.

- Задолжителен странски јазик од I одд. е англиски. Втор странски јазик кој се изучува како задолжителен од VI одд. е француски.
- Наставници во предметна настава и одделенски раководства

| Ред.бр. | Име и презиме на наставникот | Образование | Предмет | Бр. на часови | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Вера Кимовска | ВСС | Англиски јазик | Полн фонд | |
| 2 | Евгенија Дика Талевска | ВСС | Македонски јаз.<br>**Одделенски раководител** | 16 | |
| 3 | Весна Калајџиевска | ВСС | Математика и физика<br>**Одделенски раководител** | Полн фонд | Кај нас на платен список, а дополнува во„Кочо Рацин“ Ивањевци |
| 4 | Елизабета Поповска | ВСС | Математика<br>**Одделенски раководител** | Полн фонд | Кај нас на платен список, а дополнува во„Кочо Рацин“ Ивањевци |
| 5 | Бети Трајковска | ВШ | Историја,<br>Географија,<br>Граѓанско образование<br>Природни науки<br>Природни науки и техника | Полн фонд | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Одделенски раководител** | | |
| 6 | Елизабета Јовановска | ВСС | Информатика,<br>Проекти од информатика<br>ТО<br>Програмирање | Полн фонд | Кај нас на платен список, а дополнува во„Кочо Рацин“ Ивањевци |
| 7 | Благојче Ѓоргиевски | ВСС | ФЗО<br>Изборен спорт | 14 | |
| 8 | Александра Богојовска | ВСС | Биологија | 6 | На платен список во ОУ „Трифун Пановски“ Битола |
| 9 | Зорица Диневска | ВСС | Англиски јазик | 10 | |
| 10 | Драган Ѓоргиевски | ВСС | Етика во религиите<br>Етика | 3 | |
| 11 | Анета Груевска | ВСС | Ликовно образование | 4 | На платен список во ОУ „Трифун Пановски“Битола |
| 12 | Методија Ѓершнов | ВСС | Музичко образование | 4 | На платен список во ОУ „Кочо Рацин“ с. Ивањевци |
| 13 | Славјанка Христова | ВСС | Француски јазик | 8 | |
| 14 | Александра Гацовска | ВСС | Хемија | 4 | |

- ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА

| Ред. бр | Име и презиме на наставникот | Образование | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | Блага Тодоровска | ВСС | с. Могила |
| 2 | Снежана Вујасиновиќ | ВСС | с. Могила |
| 3 | Андријана Илијовска | ВСС | с. Могила |
| 4 | Сузана Пандилова | ВСС | с. Могила |
| 5 | Марија Вељанова | ВСС | с. Могила |
| 6 | Наташа Бошковска | ВСС | с. Д. Чарлија |
| 7 | Катерина Кантаровска | ВСС | С. Радобор |

- ***Изборна настава***

Во учебната 2014/2015 год. во ОУ „Гоце Делчев“ Могила изборот се изврши согласно упатствата од БРО.На учениците им беа понудени сите изборни предмети а тие ги избраа следните:

| **Ред.бр.** | **Предмет** | **Одделение** | **наставник** |
|---|---|---|---|
| **1** | Работа со компјутер | III | Марија Вељанова<br>Наташа Бошковска<br>Катерина Кантаровска |
| **2** | Работа со компјутер | IV | Снежана Вујасиновиќ<br>Наташа Бошковска |
| **3** | Творештво | V | Андријана Илијовска<br>Наташа Бошковска |
| **4** | Етика во религиите | VI | Драган Ѓоргиевски |
| **5** | Техничко образование | VII | Елизабета Јовановска |
| **6** | Проекти од информатика | VIII | Елизабета Јовановска |
| **7** | Изборен спорт | IX | Благојче Ѓоргиевски |

- ***Дополнителна настава***

Дополнителна настава се изведува согласно потребите на учениците. Секој наставник на почетокот на учебната година доставува програма за дополнителна настава и истата подлежи на промени доколку има потреба. Распоредот за дополнителна настава ќе се изготви до 20.септември и ќе биде истакнат на огласна табла.

- ***Додатна настава***

Додатна настава се изведува согласно потребите на учениците. Секој наставник на почетокот на учебната година доставува програма за додатна настава и истата подлежи на промени доколку има потреба. Распоредот за додатна настава ќе се изготви до 20.септември и ќе биде истакнат на огласна табла.

- ***Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани***

Програмата за работа со Надарени ученици заедно со инструментите за идентификација на истите ја изготвува психологот на училиштето во соработка со директорот и наставниците. Истата е приложена како анекс на Годишната програма.Во учебната 2014/2015 год. за реализација на оваа програма задолжени се следните:

Психолог: Јасна Ѓоргиевска

Одделенски наставник: Марија Вељанова

Предметен наставник: Весна Калајџиевска

- ***Индивидуализирани програми за деца со посебни образовни потреби***

Програмата за работа со ученици со потешкотии и со посебни образовни потреби ја изготвува психологот на училиштето во соработка со директорот и тимот назначен за истото. Истата е приложена како анекс на Годишната програма.Во учебната 2014/2015 год. за изготвување на ИОП-и ќе се формира тим кој ќе биде составен од психологот на училиштето, Директорот, одделенскиот раководител на ученикот како и еден од родителите (истиот ќе се формира доколку се идентификуваат такви ученици)

- ***Употреба на ИКТ во наставата***

Согласно законската обврска секој наставник е обврзан во 30% од часовите да имплементира примена на ИКТ. Од тие 30% минимум по 2 часа ќе бидат реализирани со користење на SMART таблата. Секој наставник е задолжен да достави план за примена на ИКТ во наставата.

## 8. Оценување

- ***Видови оценување и календар на оценување***

Оценувањето во ОУ „Гоце Делчев“ Могила е описно и бројчано. Описно се оценуваат учениците од I до III одд. Учениците од IV до VI одд. се оценуваат бројчано и описно, бројчано се оценуваат на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година додека пак на крајот од првото и третото тромесечие се оценуваат описно. Учениците од VII , VIII и IX се оценуваат бројчано.

Општиот успех на учениците на крајот на учебната година се утврдува врз основа на оценките по сите предмети како и оценките добиени од екстерното тестирање.

Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката е должен да го извести родителот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие.

Планот за оценување на учениците се изготвува од страна на наставниците и истиот ќе биде внесен во Дневниците за работа на одделенијата.

Во текот на учебната година наставниците користат формативно и сумативно оценување. Во Месечните оперативни планови на наставниците ќе биде внесен и планот за оценување на наставникот за секоја тема.

- ***Тим за следење, анализа и поддршка***

Тимот за оценување на учениците за учебната 2014/2015 год. е составен од:

Јасна Ѓоргиевска – психолог

Андријана Илијовска – одделенски наставник

Евгенија Дика Талеска – наставник по македонски јазик

Елизабета Поповска – наставник по математика.

Тимот за оценување ќе изготви програма за следење, анализа на оценувањето и поддршка на наставниците во процесот на оценување.

Една од главните цели на оваа програма ќе биде и намалување на отстапките во оценувањето во споредба со оценките од екстерното тестирање.

## 9. Вон- наставни активности

- ***Училиштен спорт***

За организирање на ученичките спортски активности задолжен е наставникот по физичко и здравствено образование Благојче Ѓоргиевски. Бројот на организирани натпревари и нивниот вид ќе зависи и од динамиката на градење на спортската сала (истата ќе биде доградена оваа учебна година)

Планираме по повод патрониот празник на училиштето 4 мај, да се одржат спортски натпревари помеѓу нашето училиште и другите основни училишта во нашата општина. Натпреварите ќе бидат во повеќе спортови: ракомет, фудбал, кошарка, штафетни игри исл. и тоа посебно машки и женски екипи. На самото одржување на спортските натпревари на учениците ќе им е организиран појадок и безалкохолни пијалаци. Исто така активно ќе

учествуваме на спортските натпревари кои ќе се организираат во другите училишта во рамки на нашата општина или во град Битола, односно ќе се обезбеди превоз за натпреварувачите. Спортски натпревари планирани се и во рамки на МИО проектот со партнерското училиште во месец октомври и април.

- ***Секции и слободни ученички активности***

| Ред.бр | Секција | Број на ученици | Реализатор |
|---|---|---|---|
| 1. | Литературна секција | 16 | Наставник по македонски јазик |
| 2. | Млади историчари | 10 | Наставник по историја |
| 3. | Секција по математика и физика | 15 | Нас. по математика и физика |
| 5. | Екологија | 16 | Нас. по биологија |
| 6. | Информатичко-техничка | 10 | Нас. по ТО и информатика |
| 7. | My world (англиски јазик) | 8 | Нас. по англиски јазик |
| 8. | Математичка секција | 8 | Нас.по математика |
| 9. | Ликовна секција | 10 | Оделенски наставник |
| 10. | Литературна секција | 8 | Оделенски наставник |
| 11. | Математичка секција | 12 | Оделенски наставник |
| 12. | Музичка секција | 9 | Оделенски наставник |
| 13. | Драмска секција | 10 | Оделенски наставник |

- ***Ученички натпревари***

По сите предмети ќе се организираат натпревари во рамките на училиштето и надвор од него, организирани од страна на БРО – ПЕ Битола,

Народна техника и други акредитирани установи. Овие натпревари ќе се изведуваат по предметите што учениците ги изучуваат во текот на школската година под раководство на наставникот по соодветниот предмет. Целта е да се постигнат завидни резултати на општинско а понатаму и на републичко ниво.

- ***Општествено хуманитарна работа***

| **ред.бр.** | **активност** | **месец** | **одговорни** |
|---|---|---|---|
| **1** | Отворен ден „Вредните рачиња за поубава занимална" (иницијатива за набавка на едукативни играчки за училницата на прво одделение) | октомври | Блага Тодоровска<br>Вера Кимовска |
| **2** | Хуманитарна акција во организација на училиштето | декември | Драган Ѓоргиевски<br>Сузана Пандилова |
| **3** | Отворен ден по повод патрониот празник (Во рамки на МИО проектот ќе се организира отворен ден и саем на храна) | мај | Славјанка Христова<br>Марија Вељанова |

Училиштето како и досега ќе учествува во сите хуманитарни активности организирани од Црвен крст Битола и Народна кујна Битола. Програмите за отворените денови ќе ги изготват одговорните наставници и истите ќе бидат предадени кај Директорот во месец септември. Од посебна важност за нас е децата од мали нозе да бидат вклучени во општествено-социјалниот живот. За таа цел, планираме соработка со локалната средина која ќе се одвива преку следниве активности:

1. Приредби по повод разни свечености ( Прием на првачињата во детската организација, Нова година, Осми март, Маскембал за први април, Приредба по повод Денот на општина Могила и сл.)
2. Свечено одбележување на Патрониот празник
3. Посета на Општината
4. Посета на кино и театарски претстави

Еко- патроли

Еко – патролите и во учебната 2014/2015 год. ќе функционираат на начин како досега. Секој ден по еден ученик од одделение ќе биде член на еко патролата. И оваа учебна година задача не членовите од еко – патролата ќе биде и грижа за компјутерите за време на училишните одмори. Одговорен наставник за еко патролите е дежурниот наставник.

## 10. Поддршка на ученици

- ***Постигнување на учениците***

Училиштето во оваа учебна година ќе организира интерен литературен и ликовен конкурс по повод Патрониот празник на училиштето, ќе бидат доделени по три награди за прво, второ и трето место. Како и секоја година ќе се избере и првенец на генерација кој ќе добие пригодна награда.

Училиштето дава предлог до општината за најдобар ученик и истиот се наградува на Денот на општината 12 септември со парична награда.

Сите ученици кои добиваат награда на некој од натпреварите ќе бидат соодветно испромовирани во училишниот весник, facebook страната на училиштето и во локалните медиуми.

Во рамки на ова подрачје ќе биде изготвена програма за наградување на ученици и поддршка на наставници ментори и ќе се постапува согласно истата.

- ***Превентивни програми*** (насилство, болести на зависност, асоцијално однесување, соработка со установи за безбедност и социјална грижа)

Во оваа учебна година ќе се реализираат:

-Програмата за превенција од насилство и асоцијално однесување

-Програма за превенција од болести на зависност

Ќе се организираат и предавања од областа на безбедноста од страна на МВР - Битола

- ***Безбедност во училиштето***

Училиштето има изработен план за безбедност и согласно со него оваа учебна година ќе се изведе Симулација со учениците за постапување при земјотрес. Одговорен наставник за реализација на вежбата е Благојче Ѓоргиевски.

- ***Позитивна социо-емоционална клима***

Во насока на воспоставување на позитивна социо - емоционална клима во одделенијата психологот на училиштето ќе изготви програма за работа во ова подрачје. Во месец септември ќе бидат изработени прашалници за

утврдување на климата во одделенијата. Во месец октомври ќе се применат истите заедно со социометриската постапка и врз основа на ова како и врз основа на други резултати и препораки од наставниците ќе биде изготвена програма за работа врз основа на утврдените потреби. Во рамки на програмата за работа со ученици со потешкотии и посебни образовни програми се предвидени активности кои се во насока на подобрување на социо – емоционалната клима во одделенијата. За подобрување на социо – емоционалната клима ќе придонесат и проектите кои ќе се реализираат во согласност со точките на акција од еколошката програма.

## 11. Грижа за здравјето

- ***Хигиена во училиштето***

Во ова подрачје ќе се работи согласно Планот и програмата за хигиено-техничко одржување на ОУ „Гоце Делчев“ Могила. Ќе се реализираат следните цели

-Одржување на високо ниво на општата хигиена во училиштето

-Писмена евиденција за динамиката на чистење на санитарните јазли

-Редовно одржување на училишниот двор (хигиенско и техничко)

-Постојана грижа од страна на училиштето за хигиенските навики на учениците

-Техничко одржување на училишните згради

-Имплементирање на Програмата за превенција од заразни болести во наставниот процес и вонnаставните активности

-Истакнување на постери за превенција од заразни и други болести

-Ќе се одржат и работилници од Животни вештини од темата Водење грижа за личната хигиена ( динамиката за нивно одржување е внесена во годишните планирања на наставниците за реализација на содржините од животни вештини)

- ***Систематски прегледи***

Согласно програмата за имунизација и систематски прегеледи во учебната 2014/2015 во ОУ „Гоце Делчев“ Могила ќе се извршат следниве систематски прегледи:

Систематски преглед на учениците од: I, III , V и VII одд.

Систематски стоматолоши прегледи на учениците од I, III , V и VII одд.

- ***Вакцинирање***

Согласно програмата за имунизациоја учениците ќе ги примат следните вакцини:

| | **Вакцина** | **одделение** |
|---|---|---|
| **1** | МРП (морбили, рубеола, паротит) | I одд. |
| **2** | ДИ-ТЕ ( дифтерија, тетанус) | II одд. |
| **3** | ПОЛИО (детска парализа) | II одд. VIII одд. |
| **4** | МАНТУ ПРОБА (туберкулинска проба) | II одд. |
| **5** | БСЖ (вакцина против туберкулоза) | II одд. |
| **6** | ХПВ (само за девојчиња, во 3 дози) | VI одд. |
| **7** | ДИ- ТЕ ПРО АДУЛТ ( дифтерија, тетанус) | VIII одд. |
| **8** | РУБЕОЛА (само за девојчиња) | VIII одд. |

- ***Едукација за здрава исхрана***

Ќе се реализираат работилници од Животни вештини (16) истите ќе се реализираат на часот на одделенската заедница.

За ученици од I до III  одд.(3 работилници) :

За ученици од IV и VI одд. (7 работилници)

За ученици од VII до IX одд. (6 работилници)

Исто така ќе се реализираат и активности од кампањата „Здрава храна за детство без мана“(Овошен ден) како и работилницата Моето седумдневно мени - од Зелен пакет Џуниор како и презентација за здрава исхрана од страна на наставникот по биологија.  Оваа година ќе се реализираат и работилници во соработка со SLOW food.

## 12. Училишна клима и односи во училиштето

- ***Дисциплина***

На почетокот на учебната година секој одделенски раководител заедно со учениците ќе изготви Правила за однесување на одделението. Во соработка со Советот на родители ќе биде изготвен правилник за надомест на штета.

Согласно распоредот секој ден ќе има по 3 дежурни наставници. Дежурните наставници ќе водат евиденција за секојдневните случувања во Дневник за дежурства. Исто така дневник ќе водат и членовите на Еко-патролите. За училишниот двор ќе бидат задолжени помошните работници.

- ***Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето***

Изработките од учениците ќе бидат изложувани во училниците и ходниците на училиштето. За таа цел има точно утврдени катчиња каде ќе се изложуваат изработки од одделни предмети односно содржини.

Наставникот по ликовно образование Анета Груевска ќе биде задолжена за одржување на етно катчето во училиштето. Исто така ќе се направи и катче за изложување на најдобрите ликовни дела во текот на годината. За истото ќе бидат одговорни Анета Груевска и Снежана Вујасиновиќ.

За уредување на еко-катчето е одговорен координаторот на проектот.

- ***Етички кодекси***

Оваа учебна година ќе се постапува согласно постоечкиот Етички кодекс.

- ***Мулти- културализам***

Оваа учебна година ќе се интензивира работата на проектот Меѓуетничка интеграција во образованието. Согласно програмата за работа ќе се реализираат повеќе активности како самостојни така и во соработка со партнр училиштето ОУ „Мустафа Кемал Ататурк“ Скопје

- ***Односи меѓу сите структури***

За подобрување на односите помеѓу вработените и зајакнување на позитивната клима ќе бидат организирани заеднички екскурзии и прослави (Нова Година, Осми март, Патрон празник, Стара нова година),

За зголемување на соработката и позитивна клима со родителите секој одделенски раководител во месец април ќе организира по една работилица во рамки на подготовките за отворениот ден по повод патрониот празник (Во рамки на МИО проектот ќе се организира отворен ден и саем на храна). На истите ќе се прецизира учеството на родителите за реализација на саемот и отворениот ден.

## 13. Професионален развој на образовниот кадар

- ***Детектирање на потребите и приоритетите***

Во месец септември сите наставници ќе добијат прашалник со кој ќе бидат утврдени потребите за професионален развој и ќе бидат определени приоритетите. За истото ќе биде задолжен тимот од 3 наставници.

- ***Активности за професионален развој***

Наставниците ќе ги посетат сите организирани семинари од МОН, БРО и други акредитирани установи. Врз основа на утврдените приоритети ќе се изготви и предлог проект за обезбедување на финансиски средства и доколку истите се обезбедат ќе бидат оррганизирани семинари и во рамки на училиштето. За потребите на нашиот наставен кадар редовно ќе биде известувано БРО Битола.

- ***Личен професионален развој***

Во училиштето се води евиденција за посетата на семинари од страна на вработените, исто така при посетата на часови се евидентира дали стекнатите знаења се имплементираат во наставата. Секој наставник се поттикнува да ги надградува своите професионални знаења.

- ***Хоризонтално учење***

Во планирањата на Стручните активи секој наставник има испланирано отворен час. Истите ќе бидат посетени од членовите на активот, директорот и психологот. После одржувањето на секој час истиот ќе се анализира во насока на подобрување. После секој посетен семинар ќе се врши презентација на наученото пред другите вработени во училиштето.

- ***Тимска работа и училишна клима***

Во училиштето функционираат голем број тимови и комисии. Истите и оваа година ќе продолжат со работа а исто така ќе бидат формирани и нови согласно потребата за реализација на тековните проекти како и реализација на Акциониот план по забелешките од интегралната евалуација

## 14. Вклученост на семејствата во училиштето

- ***Во животот и работата на училиштето***

Секој наставник има приемни сати во кои на родителите им е овозможено да се сретнат со истиот. Распоредот за приемни сати е истакнат на огласна табла и е достапен за сите родители. Вклученоста на родителите е овозможена преку Совет на родители. Советот на родители во ОУ "Гоце Делчев" с. Могила активно учевствува во животот и работата на училиштето согласно Законот за основно образование.

Во новата учебна 2014/2015 година Советот на родители ќе работи според следната програма за работа:

| Ред. Бр. | АВГУСТ- ОКТОМВРИ |
|---|---|
| 1. | Конституирање на Советот и носење план за работа; |
| 2. | Запознавање со Програмата за работа на училиштето (информирање на родителите за новите програми кои се изготвувавaат за оваа учебна година и договарање на начини за вклучување на родителите во нивната реализација). |
| 3. | Запознавање со Проектите предвидени за оваа година (ACES проект, Интеграција на еколошка едукација во ВОП, Меѓуетничка интеграција); |
| 4. | Изготвување на план за зачувување на компјутерите и надомест на штета. |
| 5. | Вклучување на родителите во разрешувањето на тековни проблеми од работата на училиштето: исхрана, осигурување. |
| 6. | Услови за работа на училиштето; |
| | **НОЕМВРИ-ДЕКЕМВРИ** |
| 1. | Анализа на успехот на учениците во првото тромесечие; |
| 2. | Активности на родителите во реализација на отворени денови, предавања, работилници, еко проекти, МИО активности |
| 3. | Проблеми во наставата во врска со редовноста на учениците. |
| 4. | Вклучување на родителите во реализација на проектите. |
| | **ЈАНУАРИ- ФЕБРУАРИ** |
| 1. | Анализа за извештајот за успехот, поведението и изостаноците во |

| |
|---|
| првото полугодие;<br>2. Анализа на реализираноста на Годишната програма во прво полугодие;<br>3. Иницијатива за донација на наставни средства и помагала. |
| **МАРТ-АПРИЛ** |
| 1. Организирање активности во врска со денот на Екологијата (22 март);<br>2. Информирање за планирани екскурзии и натпревари;<br>3. Разгледување на успехот во второто тримесечие; |
| **МАЈ-ЈУНИ** |
| 1. Реализираност на Годишната програма на училиштето;<br>2. Извештај за успехот на крајот на учебната година;<br>3. Предлози за Годишната програма за идната 2015/2016 година |

- ***Во процесот на учење***

Секој родител има пристап до е-дневникот како резултат на што е во тек со наставниот процес. Оваа учебна година ќе се овозможи пристап до е-дневникот и на оние родители кои во учебната 2014/2015 не успеаја да се вклучат а имаат пристап до компјутер и интернет.

- ***Едукација на семејството***

Истата се изведува согласно програмата на Психологот за работа со родители.

## 15. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

- ***Локална заедница*** (локална самоуправа, бизнис заедница, местно население..)

При контактите со локалната самоуправа ќе се користат сите видови на комуникација (усна, пишана и електронска комуникација). За информирање на родителите за случувањата во училиштето ќе се користи огласната табла во училиштето, родителските средби, facebook профилот на училиштето како и

пишани известувања кои ќе им бидат испраќани на родителите. За промоција на активностите во училиштето ќе се користи и web страната на општината и facebook профилот на училиштето како и училишниот весник Мостови.

Соработката со општината при реализација на еколошката програма програмата за меѓуетничка интеграција на ќе се одвива врз основа на потпишаните Меморандуми за соработка.

- ***Институции од областа на културата***

Училиштето ќе учествува на сите конкурси и натпревари за кои доби известување во учебната 2013/2014 год.(во текот на месец септември ќе се контактираат организаторите со цел да се дознае дали и оваа учебна година ќе се организираат истите). Психологот на училиштето е задолжен да ги контактира стручните соработници од другите основни училишта со цел да се информира за натпреварите на кои учествуваат тие. Училиштето ќе учествува на сите натпревари и конкурси кои ќе бидат организирани од МОН, БРО, општина Битола и други акредитирани установи (државни и меѓународни).

Во учебната 2014/2015 год.ученицие ќе посетат:

-театарска претстава

-изложба

-детски музички фестивал

- ***Институции од областа на образованието***

| **ИНСТИТУЦИЈА** | **ПОЛЕ НА СОРАБОТКА** |
|---|---|
| **МОН** | **Бесплатни учебници , Екстерно тестирање, Компјутер за секое дете, тековни активности** |
| **БРО** | **Наставни планови и програми, Семинари, Педагошка евиденција и документација, Консултации со советници, тековни активности** |
| **ДПИ** | **Консултации и надзор на законитоста во работењето, Програма и извештаи за работата на училиштето** |
| **Основни училишта** | **Консултации за тековни работи, Заеднички истражувања и размена на искуства** |
| **Средни училишта** | **Професионална ориентација**<br><br>**Повратна информација за наши ученици** |
| **Општина** | **Согласности за вработувања, согласности за формирање** |

| | |
|---|---|
| **Могила** | **на паралелки, годишна програма и извештаи за работата, финансии, посредување со МОН, соработка во реализација на проекти, тековни активности** |

- ***Невладини организации***

Во учебната 2014/2015 год. училиштето ќе соработува со :

НВО Семпер

Slow food (НВО)

CENTROPA –Австрија

ACES - Австрија

НВО за работа со деца со посебни потреби ПОРАКА

БИОСФЕРА Битола

МКЦ Битола

- ***Спортски друштва***

Еден на еден – фудбалска школа Могила

Подмладок на Пелистер (фудбал, кошарка, гимнастика)

***Здравствени организации***

Центар за ментално здравје – Битола

Центар за јавно здравје – Битола

Центар за рехабилитација на говор, глас и слух - Битола

Советувалиште за здраво дете

Школска амбуланта

Служба за превентивна стоматологија

Центар за социјални грижи

- ***Медиуми***

За оваа учебна година одговорен наставник за соработка со медиумите е наставникот по македонски јазик  Евгенија Дика Талеска.

Училиштето ќе соработува со Тера телевизија и Битолски весник од локалните медиуми а по потреба ќе се објавуваат прилози и на другите национални телевизии како и во билтенот на општината.

**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ НА**

**ОУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ МОГИЛА**

**ЗА УЧЕБНАТА 2014/2015ГОД.**



Август, 2014год.

ВОВЕД

Директорот е клучниот фактор кој треба да им помогне на наставниците и другите заинтересирани страни да изградат ефективни тимови и такви

ситуации за развивање нови организациски структури како и креирање на споделена визија насочена кон учењето и напредувањето на учениците.

Во таа насока и улогата на директорот треба да се промени-од хиерархиски надреден контролор во фацилитатор, организациски архитект, насочувач, тимски водач, тренер и стратешки учител.

МЕСЕЧНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА – АВГУСТ 2014ГОД.

| Време на реализација | Содржина на активноста | Форми на работа | Соработници |
|---|---|---|---|
| III недела | ▪ Планирање и програмирање на работата на училиштето (изготвување на годишната програма)<br>▪ Консултации со БРО –ПЕ Битола:раководител, советник по одделенска настава<br>▪ Изготвување на текстуалниот годишен извештај за работа на училиштето и достава до ДПИ<br>▪ Подготовка за Наставнички совет и реализација на истиот<br>▪ Активности околу достава на учебниците во училиштето<br>▪ Активности околу изградбата на училишната спортска сала<br>▪ Состаноци со градоначалникот и советникот за образование на | Индивидуална<br>Групна | Наставници<br>Психолог |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Општина Могила<br>▪ Консултации со директорите од другите основни училишта во Општината | | |
| IV недела | ▪ Подготовка на централното и подрачните училишта за претстојната учебна година (опремување, хигиена и сл.)<br>▪ Надзор на работите поврзани со бојадисување на училишната зграда<br>▪ Седница на училишниот одбор-усвојување на годишната програма за работа на училиштето<br>▪ Консултации во врска со почетокот на учебната година со МОН, ДПИ, БРО и општина Могила<br>▪ Конкретна распределба на наставници по одделенија и паралелки<br>▪ Следење на изготвувањето на распоредот на часови<br>▪ Соработка со БРО за реализација на семинари<br>▪ Работа на проектот Интеграција на заштитата на животната средина во воспитно образовниот процес на Република Македонија<br>▪ Средба со тимот за меѓуетничка интеграција од партнерското училиште од општина Студеничани<br>▪ Подготовка на апликација за | Групна | Наставници<br>Психолог<br>Техничка служба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | реновирање на училницата во I одд. И достава на истата со цел обезбедување на финансиски средства. | | |

МЕСЕЧНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА – СЕПТЕМВРИ 2014 ГОД.

| Време на реализација | Содржина на активноста | Форми на работа | Соработници |
|---|---|---|---|
| I недела | ▪ Свечен прием на првачињата<br>▪ Координација на распределбата на бесплатни учебници<br>▪ Насоки и координирање во планирањето и програмирањето на наставниците<br>▪ Работа со наставници почетници<br>▪ Соработка со БРО<br>▪ Соработка со директорите од други училишта од општина Могила и Битола<br>▪ Постапување согласно препораките од МОН во врска со резултатите од Екстерното тестирање | Индивидуална<br>Групна | Наставници<br>Психолог<br>БРО Битола |
| II недела | ▪ Постапување согласно резултатите од Еразмус +<br>▪ Анлитичен увид во дидактичко методските подготовки, планирања на наставниците;<br>▪ Соработка со БРО за реализација на семинари | Разговор<br>состаноци | Наставници<br>Тимови од наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ▪ Седница на Совет на родители<br>▪ Координација на работата на тимовите од наставници задолжении за реализација на Акциониот план изготвен по однос на забелешките од Интегралната евалуација. | | |
| III недела | ▪ Консултации со педагошко-психолошката служба<br>▪ Состаноци во училиштето и во Општината во врска со финансиската состојба и финансиското работење на училиштето<br>▪ Контрола врз изготвените планови и програми во одделенска и предметна настава<br>▪ Стручен и аналитичен увид во сите планови доставени до директорот; | Индивидуална<br>Групна | Психолог |
| IV недела | ▪ Увид во реализацијата на проектите – Еко училиште и МИО<br>▪ Увид во реализација на програмите по математика и природни науки од I до III одд.<br>▪ Отпочнување со активности од проектот Међуетничка интеграција во соработка со партнер училиштето<br>▪ Поттикнување и учевство во процесот на иновирање на ВОР | Дискусии<br>Излагање | Родители<br>Наставници |

МЕСЕЧНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА – ОКТОМВРИ 2014 ГОД.

| Време на реализација | Содржина на активноста | Форми на работа | Соработници |
|---|---|---|---|
| I недела | ▪ Организирање на предавање за здравствена заштита<br>▪ Иницирање и насочување на наставниците во врска со хигиената во училиштето<br>▪ Посета на подрачното училиште во с. Д. Чарлија<br>▪ Организирање средба со партнерското училиште од Количане во нашето училиште со цел реализирање МИО активности | Групна | Наставници |
| II недела | ▪ Соработка со други директори<br>▪ Посета на подрачното училиште во с. Радобор<br>▪ Увид во педагошката евиденција | Групна | Директори |
| III недела | ▪ Соработка со педагошко – психолошката служба;<br>▪ Консултации со локалната самоуправа<br>▪ Посета на сите отворени часови организирани од страна на наставниците а предвидени со нивните годишни планирања и планирањата на ниво на стручни активи | Групна<br>индивидуалана | Психолог<br>Наставници<br>Локална самоуправа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ▪ Организирање на отворен ден со изработки од учениците, со цел обезбедување нови едукативни играчки за училницата од прво одделение | | |
| IV недела | ▪ Работа со наставници почетници;<br>▪ Увид во работата по предметот англиски јазик<br>▪ Разговор со наставници во врска со реализацијата на отпочнатите проекти | Групна | Наставници |

МЕСЕЧНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА – НОЕМВРИ 2014 ГОД

| Време на реализација | Содржина на активноста | Форми на работа | Соработници |
|---|---|---|---|
| I недела | ▪ Организирање и одржување на советите за прво тромесечие;<br>▪ Разгледување на успехот и поведението на учениците во прво тромесечие<br>▪ Состанок со Совет на родители | Разговор | Психолог<br>Наставници<br>Родители |
| II недела | ▪ Увид во работата на стручните активи (одделенска и предметна настава) | Индивидуална<br>Дискусија | Психолог<br>Наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ▪ Размена на искуствата со други директори<br>▪ Консултации со секретар-благајникот<br>▪ Увид во работата по предметот математика<br>▪ Увид во реализацијата на проектот Интеграција на заштитата на животната средина во воспитно образовниот процес<br>▪ Посета на часови | | |
| III недела | ▪ Увид во работата по предметот информатика;<br>▪ Користење на компјутерите во процесот на усвојување на основите од информатиката<br>▪ Посета на час по Природа во IV одд;<br>▪ Анализа и консултации со наставниците во врска со реализацијата на проектите<br>▪ Увид во реализација на наставата по животни вештини | Дискусии<br>Анализи | Психолог<br>Наставници |
| IV недела | ▪ Консултации – соработка со психологот- во врска со реализацијата на програмата<br>▪ Реализација на наставата по странски јазици: англиски и француски<br>▪ Увид во работата по предметот македонски јазик<br>▪ Увид во водењето на педагошката евиденција и документација | Консултации<br>Разговор<br>Давање насоки | Психолог<br>наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ▪ Увид во работата на техничката служба;<br>▪ Организација на работата на училишната библиотека | | |

МЕСЕЧНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА – ДЕКЕМВРИ 2014 ГОД

| Време на реализација | Содржина на активноста | Форми на работа | Соработници |
|---|---|---|---|
| I недела | ▪ Грижа за здравјето на учениците- одбележување на светскиот ден за борба против сидата;<br>▪ Увид во работата на хигиеничарите<br>▪ Разговори со наставниците од одделенска настава за реализацијата на наставниот процес со посебен акцент на новите програми по математика и природни науки<br>▪ Увид во работата на ученичката заедница на учениците во предметна настава;<br>▪ Посета на сите отворени часови организирани од страна на наставниците а предвидени со нивните годишни планирања и планирањата на ниво на стручни активи | Дијалог<br>Анализа | Наставници |
| II недела | ▪ Увид во изведувањето на слободните ученички активности | Индивидуална | Психолог |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ▪ Консултативни разговори со наставниците почетници<br>▪ Увид во работата по предметите од природната група :географија и природни науки<br>▪ Консултации со техничката служба | Дијалог | Наставници |
| III недела | ▪ Посета на работилница со ученици организирана согласно годишната програма за работа на психологот Разговор-насоки со педагошко психолошката служба за квалитетот на ученичките знаења и мерки за подобрување на истите<br>▪ Координирање на акциите од проектот еко училште – состанок со координаторот на тимот<br>▪ Подготовки за аплицирање во АЦЕС<br>▪ Планирање на одделенски и наставнички совет<br>▪ Советодавни разговори со БРО-Битола<br>▪ Увид во електронскиот дневник | Дискусии<br>Анализи | Психолог<br>Наставници<br>Советници |
| IV недела | ▪ Подготовки за одржување на одделенски совет на крајот од првото полугодие<br>▪ Одржување на наставнички совет<br>▪ Присуство на родителски средби<br>▪ Консултативен разговор со БРО-Битола (Полугодишен извештај)<br>▪ Организирање на приредба во училиштето по повод Новогодишните | консултации | Наставници<br>Психолог |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | празници | | |

МЕСЕЧНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА – ЈАНУАРИ 2015 ГОД

| Време на реализација | Содржина на активноста | Форми на работа | Соработници |
|---|---|---|---|
| Во текот на целиот месец | ▪ Изготвување на полугодишен извештај за успехот и поведението на учениците постигнат на крајот на првото полугодие<br>▪ Консултативно-советодавни разговори со наставниците за проблемите кои се јавуваат кај нив при реализација на програмските задачи<br>▪ Консултации со наставниците почетници<br>▪ Соработка со БРО Битола во врска со почетокот и траењето на полугодишниот распуст, новогодишните празници, доделувањето на ученичките книшки и почетокот на второто полугодие<br>▪ Усвојување на полугодишниот извештај за постигнатиот успех на учениците во првото полугодие на училишен одбор; | Дискусии | Психолог<br>Наставници<br>Советници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ▪ Индивидуални разговори со родителите и запознавање со нивните потреби, предлози и сл.<br>▪ Консултативни средби со други директори<br>▪ Следење на новините и иновациите во образованието кај нас и во светот<br>▪ Разгледување проекти погодни и соодветни за нашето училиште за кои би можеле да аплицираме | | |

МЕСЕЧНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА – ФЕБРУАРИ 2015 ГОД

| Време на реализација | Содржина на активноста | Форми на работа | Соработници |
|---|---|---|---|
| I недела | ▪ Индивидуални средби со наставниците во врска со изнаоѓање на современи форми, методи и техники на работа;<br>▪ Користење на активните методи;<br>▪ Посета на час кој ќе се реализира со примена на SMART таблата<br>▪ Анализа на одржаниот | Дискусија<br>Индивидуална | Психолог<br>Наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | наставен час. | | |
| II недела | ▪ Увид во работата на библиотеката и размена на мислења за збогатување на фондот на книги;<br>▪ Посета на час кој ќе се реализира со примена на компјутер<br>▪ Анализа на одржаниот наставен час. | Дискусија<br>Индивидуална | Психолог<br>Наставници |
| III недела | ▪ Увид врз работата и реализацијата на наставата од природно-математичката група на предмети<br>▪ Следење на работата на детските организации<br>▪ Посета на час по физика со примена на експеримент<br>▪ Увид во работата на секциите | Дискусии | Наставници<br>Психолог |
| IV недела | ▪ Контакти со родителите во врска со успехот на учениците<br>▪ Разговор со наставници во чии паралелки има проблем ученици<br>▪ Советодавен разговор со психологот и одделенските наставници<br>▪ Увид во реализацијата на проектот Интеграција на заштитата на животната средина во воспитно образовниот процес<br>▪ Посета на час во с. Радобор | Групна<br>Индивидуална | Родители |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ▪ Размена на искуства со други директори | | |

МЕСЕЧНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА – МАРТ 2014 ГОД

| Време на реализација | Содржина на активноста | Форми на работа | Соработници |
|---|---|---|---|
| I недела | ▪ Давање на насоки за поуспешна реализација на програмите за дополнителна настава<br>▪ Посета на час од општествената група на предмети - историја<br>▪ Посета на час во прво одделение-математика | Дискусии<br>Индивидуалн а | Наставници |
| II недела | ▪ Консултативни разговори со БРО Битола<br>▪ Посета на отворени часови согласно програмите на стучните активи<br>▪ Посета на состанок на ученичкиот парламент<br>▪ Увид во работата на секциите и разговор со наставниците во врска со учениците кои се талентирани и надарени | Консултации | Советници |
| III недела | ▪ Увид во финансиските сметки на техничката служба<br>▪ Изготвување на соодветни материјали за стручно усовршување на наставниците | Дискусии<br>Консултации | Техничка служба<br>Наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ▪ Посета на часови<br>▪ Анализа на постените часови | | |
| IV недела | ▪ План и подготовка за одржување на одделенски совет<br>▪ Увид во педагошката евиденција и документација<br>▪ Следење и вреднување на реализацијата на проектни активности<br>▪ Вклучување во работата на стручниот актив во одделенска настава | Индивидуалн а<br>Дијалог | Психолог |

МЕСЕЧНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА – АПРИЛ 2015 ГОД

| Време на реализација | Содржина на активноста | Форми на работа | Соработници |
|---|---|---|---|
| I недела | ▪ Следење на реализацијата на програмата за иновирање на ВОР<br>▪ Соработка со родителите и педагошко психолошката служба во врска со учениците со намалено поведение<br>▪ Посета на час во комбинирана паралелка во с. Д. Чарлија<br>▪ Анализа на одржаниот час<br>▪ Организирање посета на партнерското училиште од МИО проектот во консултации со координаторот на проектот | Индивидуалн а<br>Групна | Наставници<br>Психолог<br>Родители<br>Координатор на МИО |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ▪ Реализација на посетата | | |
| II недела | ▪ Увид во водењето на финансиските работи<br>▪ Посета на час по предметот етика на религиите<br>▪ Консултации со други директори<br>▪ Посета на сите отворени часови организирани од страна на наставниците а предвидени со нивните годишни планирања и планирањата на ниво на стручни активи | Индивидуална<br>Групна | Наставници<br>Психолог |
| III недела | ▪ Увид во работата на хигиеничарите<br>▪ Увид во водењето на педагошката евиденција и документација<br>▪ Планирање за одржување на одделенски совет | Индивидуална | самостојно |
| IV недела | ▪ Реализација на одделенски и наставнички совет за утврдување на успехот и поведението на учениците на крајот од третото тромесечие<br>▪ Советодавно-консултативен разговор со комисијата за организација на прославата на патрониот празник на училиштето<br>▪ Подготовки за прослава на патрониот празник<br>▪ Увид во работата на секциите – консултации во врска со | | Наставници<br>Психолог |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | учеството на наши ученици на натпревари | | |

МЕСЕЧНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА – МАЈ 2015 ГОД

| Време на реализација | Содржина на активноста | Форми на работа | Соработници |
|---|---|---|---|
| I недела | ▪ Отворен ден по повод патрониот празник<br>▪ Организација на саем на храна во соработка со Советот на родители<br>▪ Свечена приредба за учениците од прво до деветто одделение.<br>▪ Координирање и насочување во работата со соодветни категории на ученици (надарени, со слаб успех, недисциплинирани)<br>▪ Увид во работата на педагошко психолошката служба за професионалан ориентација и информирање на родителите за упис во средните училишта. | Групна | Психолог<br>Одделенски раководители<br>Родители |
| II недела | ▪ Организирање на излети со учениците од прво до деветто одделение<br>▪ Разговори и насочување на педагошко психолошката служба за тестирање и упис на ученици во прво одделение | Дијалог | Психолог<br>Совет на родители<br>Комисија за екскурзии |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ▪ Состанок со совет на родители<br>▪ Консултативен разговор со БРО Битола | | |
| III недела | ▪ Увид во реализацијата на планираното во ученичките организации<br>▪ Организирање на училишни натпревари<br>▪ Спроведување на сите потребни подготовки за спроведување на екстерното оценување | Индивидуална | Самостојно |
| IV недела | ▪ Организирање на заедничка средба со родителите на осмоодделенците за организирање на полуматурска прослава<br>▪ Организирање на фотографирање на учениците од 1 до 8 одделение<br>▪ Консултативни состаноци со БРО Битола за активностите на крајот на учебната година Консултативни состаноци со Општина Могила за активностите на крајот на учебната година<br>▪ Увид во водењето на педагошката евиденција и документација и електонскиот дневник | Групна | Психолог<br>Родители<br>Наставници |

МЕСЕЧНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА –ЈУНИ 2014 ГОД

| Време на реализација | Содржина на активноста | Форми на работа | Соработници |
|---|---|---|---|
| I недела | ▪ Организирање и одржување на одделенски совет со наставниците од одделенска настава<br>▪ Одделенски совети со наставниците од предметна настава<br>▪ Увид во изготвените распореди за дополнителна или продолжителна настава<br>▪ Екстерно проверување | Групна | Наставници<br>Психолог |
| II недела | ▪ Подготовки за изработка на Годишен извештај за работа на училиштето<br>▪ Изработка на годишен извештај<br>▪ Организирање на наставнички совет<br>▪ Одржување на состанок со Училишниот одбор – усвојување на Годишниот извештај за работа на основното училиште во текот на учебната 2014/2015 год | Консултации<br>Дискусии | Психолог<br>Наставници<br>БРО |

Август, 2014 год Директор

***Лилјана Костовска***

___________________

ОУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ МОГИЛА

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПСИХОЛОГОТ



УЧЕБНА 2014/2015

**Појдовни основи**

Годишната програма за работа на училишниот психолог се заснова врз законската регулатива односно произлегува од:

- Законот за основно образование (Службен весник на Р.М бр.103/08;33/2010;116/2010;156/2010;18/2011;42/2011;51/2011;6/2012;100/2012и 24/2013.);

- Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование;
- Националната програма за развој на образованието 2005-2015;
- Програмата за работа на ОУ "Гоце Делчев" с. Могила;
- Заклучоците од Годишниот извештај за работата на ОУ "Гоце Делчев" с. Могила;
- Заклучните согледувања на стручните органи и тела во изминатата учебна година.

## Содржина на работата на училишниот психолог

Стручните соработници во основното училиште учествуваат во процесот на планирање, програмирање, организирање, унапредување и следење на работата на училиштето, односно на образовниот процес, соработуваат со наставниците, соработуваат со учениците и го следат и поттикнуваат нивниот развој (индивидуалните способности и склоности, интелектуалниот, емоционалниот, социјалниот и професионалниот развој), им даваат помош на надарените ученици како и на учениците кои имаат тешкотии во учењето и развојот, соработуваат со родителите на учениците и со другите институции кои имаат влијание врз училиштето и воспитно – образовниот процес.

## Цели и задачи

### 1. Цел

Примена на современите теориски и практични сознанија на психолошката наука во процесот на остварување на задачите на основното образование и воспитување и унапредување на образовно – воспитната работа.

### 2. Задачи

- Учество во создавање на програмски, педагошко- организациски и дидактичко методски услови за остварување на целите на основното образование
- Унапредување, осовременување и рационализација на воспитно – образовната работа
- Учество во следење и вреднување на остварените резултати во воспитно образовната работа
- Поттикнување и следење на развојот на учениците (интелектуален, социјален, емоционален, морален, естетски, физички и професионален)
- Организација на педагошко-психолошкото образование на наставниците
- Остварување на соработка со родителите, предшколските установи, средните училишта, факултетите, здравствените, социјални и културни установи, агенција за вработување и други институции од значење за основното образование и воспитување.

## ПОДРАЧЈА НА РАБОТА

**1. Работа со ученици**

- поддршка на учениците во учењето
- следење и поддршка на развојот на учениците
- професионална ориентација на учениците

**2. Работа со наставници**

- поддршка на наставниците за планирање и реализација на воспитно – образовниот процес и самоевалуацијата
- поддршка на наставниците за работа со учениците
- поддршка на наставниците за работа со родителите

**3. Работа со родители**

- индивидуално и групно советување и консултации со родителите
- едукација на родители
- вклучување на родителите во животот и работата на училиштето

**4. Соработка со заедницата**

- Соработка со локалната заедница
- Соработка со стручните институции и организации

**5. Професионален развој и професионална соработка**

- Личен професионален развој
- Поддршка на професионалниот развој и соработката во училиштето

**6. Аналитичко истражувачка работа**

- Анализа и проценка на воспитно – образовната работа

- Истражување на воспитно образовната работа

**7. Училишна структура, организација и клима**

- Училишна структура и организација

- Училишна клима, безбедна средина и демократско учество на учениците

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ПСИХОЛОГОТ

| Содржина на активноста | Време на реализација | Соработка | Забелешки |
|---|---|---|---|
| 1. Изработка на Годишна програма за работа на училиштето | август | директор<br>наставници | |
| 2. Активности околу распределба на бесплатни учебници на учениците | септември | одделенски раководители<br>директор | |
| 3. Испитување на интересот за избор на секции | септември | наставници | |
| 4. Следење на успехот и постигањата на учениците | септември<br>јуни | наставници<br>директор | |
| 5. Посета на часови | септември<br>јуни | директор | |
| 6. Психолошки работилници | септември<br>јуни | | |
| 7. Следење и унапредување на користењето на | септември | наставници | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| наставните средства, наставните форми и наставните методи | јуни | | |
| 8. Следење и унапредување на оценувањето на постигањата на учениците | септември<br>јуни | наставници | |
| 9. Следење на работата на стручните активи и давање на помош во нивната работа | септември<br>јуни | наставници | |
| 10.Социометриско испитување | октомври<br>февруари | | |
| 11. Проверка на постигањата во однос на описменувањето на учениците во второ одделение | ноември<br>март | одделенски наставник | |
| 12. Анализа на успехот, поведението, редовноста кај учениците | септември<br>јуни | директор<br>наставници | |
| 13.Професионална ориентација на учениците од осмо одделение | септември<br>јуни | агенција за вработување на Република Македонија;<br>средни училишта | |
| 14. Запишување на учениците во прво одделение | мај | | |
| 15. Активности околу враќање на бесплатните учебници | јуни | одделенски раководители | |
| 16. Работа на проектите кои се реализираат во училиштето | септември<br>јуни | тим | |
| 17. Посета на семинари | септември<br>јуни | | |

**МЕСЕЧЕН ОПЕРАТИВЕН ПЛАН**

| СОДРЖИНА НА АКТИВНОСТ | Соработка | Забелешка |
|---|---|---|
| **АВГУСТ** | | |
| 1. Учество во изготвувањето на училишната програма за работа | директор | |
| 2. Соработка со наставниците околу некои аспекти и специфики при планирањето | наставници<br>директор | |
| 3. Поддршка на наставниците во одделенска настава при подготовка на планирањата со акцент на планирањата по математика и природни науки | | |
| 4. Подготовки за формирање на Ученичка заедница | | |
| 5. Изготвување на сопствена програма за работа | | |
| 6. Учество во работата на стручните органи на училиштето | наставници<br>директор | |
| 7. Подготовка на дневник за работа | | |
| **СЕПТЕМВРИ** | | |
| 1. Активности околу доделување на комплети бесплатни учебници на учениците | наставници | |
| 2. Контакти со средните училишта со цел информирање за тоа каде се запишале осмоодделенците од претходната учебна година | психолози и педагози од средните училишта | |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 3. Запознавање на родителите и учениците од прво одделение со активностите на училишниот психолог | родители | |
| 4. Состанок со Совет на родители со цел да се утврдат темите од интерес со цел да се реализираат работилници за нивна едукација | совет на родители | |
| 5. Формирање на Ученичка заедница | | |
| 6. Следење на прилагодувањето на учениците во прво и петто одделенија | наставник | |
| 7. Учество во формирање на слободните ученички активности, помош на учениците при избор на истите | | |
| 8. Разговри со учениците кои имаат проблеми со прилагодувањето | | |
| 9. Соработка со наставниците и давање на конкретни сугестии врз основа на заклучоците од обсервацијата при приемот за поаѓање во училиште, информирање за оние првачиња кај кои може да се очекуваат потешкотии во напредувањето | наставници | |
| 10. Разрешување на разни конфликти помеѓу учениците | | |
| 11. Посета на подрачните училишта | директор | |
| 12. Следење на стручна литература | | |
| 13. Соработка со други педагози и психолози од основните и средните училишта | педагози и психолози | |
| 14. Вклучување на деца со посебни потреби и | | |

| | | |
|---|---|---|
| работа со нив | | |
| 15. Дневни извештаи за работа на психологот | | |
| 16. Работа на проектите кои се во тек | тим | |
| 17. Советување на родители | | |
| 18. Советување на ученици | | |
| 19. Посета на часови | | |
| **ОКТОМВРИ** | | |
| 1. Индивидуални разговори со проблем деца | | |
| 2. Разговор со ученици кои заостануваат во учењето и предлагање на соодветни мерки | | |
| 3. Разговор со ученици со повеќе слаби | | |
| 4. Следење на стручна литература | | |
| 5. Психолошки работилници | | |
| 6. Посета на подрачните училишта | | |
| 7. Работа на проекти и соработка со наставниците вклучени во истите | | |
| 8. Посета на часови, разговори со наставниците околу реализацијата на истите | | |
| 9. Дневни извештаи за работа на психологот | | |
| 10. Проверка на педагошка евиденција | | |
| 11. Советување на родители | | |
| 12. Советување на ученици | | |
| 13. Работа на проектите кои се во тек | | |
| **НОЕМВРИ** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 1. Спроведување на социометриска постапка во паралелки каде има потреба да се евидентираат одредени проблеми | | |
| 2. Индивидуални разговори со деца кои имаат проблеми во однесувањето | | |
| 3. Разговори со ученици кои заостануваат во учењето и предлагање соодветни мерки | | |
| 4. Консултации со родителите на изразито надарените деца | родители | |
| 5. Посета на час и следење на поедини ученици издвоени за недисциплина | | |
| 6. Соработка со наставниците во изработка на поедини дидактички средства | наставници | |
| 7. Работа на проектите кои ги водам | | |
| 8. Соработка со наставници вклучени во проекти | наставници | |
| 9. Психолошки работилници | | |
| 10. Советување на родители | | |
| 11. Советување на ученици | | |
| 12. Дневни извештаи за работа на психологот | | |
| **ДЕКЕМВРИ** | | |
| 1. Индивидуални и групни разговори со родители чии деца покажуваат изразито слаб успех и поведение | родители | |
| 2. Соработка со наставници вклучени во проекти | наставници | |
| 3. Разговор со ученици и разрешување на конкретни проблеми | | |
| 4. Психолошки работилници | | |
| 5. Работа на проектите кои ги водам | директор | |

| | | |
|---|---|---|
| 6. Дневни извештаи за работа на психологот | | |
| 7. Советување на родители | | |
| 8. Советување на ученици | | |
| 9. Проверка на педагошка евиденција | директор | |
| 10. Посети на семинари | | |
| **ЈАНУАРИ** | | |
| 1. Изготвување на полугодишни извештаи (училишен, за проектите) | директор<br>наставници | |
| 2. Разговори со родители, наставници, ученици заинтересирани за одредени прашања и проблеми во однос на учењето и поведението | | |
| 3. Разговори со наставниците кај кои е најголемо отсуството од часови | директор | |
| 4. Работа со ученици кои имаат проблеми во интелектуалната сфера | | |
| 5. Работа на проектите кои ги водам | | |
| 6. Советување на родители | | |
| 7. Советување на ученици | | |
| 8. Соработка со наставници кои работат на проекти | | |
| 9. Дневни извештаи за работа на психологот | | |
| **ФЕВРУАРИ** | | |
| 1. Спроведување на Социометриска постапка | | |
| 2. Советодавен разговор со изразито слабите ученици | | |
| 3. Посета на подрачните училишта и увид на конкретни проблеми (педагошка евиденција, | наставници | |

| | | |
|---|---|---|
| успех, поведение и сл.) | | |
| 4. Работа со ученици на кои им се изречени педагошки мерки | родители | |
| 5. Работа со ученици кои на полугодие имаа три и повеќе слаби | | |
| 6. Психолошки работилници | | |
| 7. Разговор со наставниците по обработка на резултатите од социометриското истражување | | |
| 8. Работа на проектите кои ги водам | | |
| 9. Работа со наставниците вклучени во проекти | | |
| 10. Посета на часови | директор | |
| 11. Советување на родители | | |
| 12. Советување на ученици | | |
| 13. Проверка на педагошка евиденција | директор | |
| 14. Дневни извештаи за работа на психологот | | |
| **МАРТ** | | |
| 1. Соработка со наставници при третман на проблем децата | родители | |
| 2. Посета на подрачни училишта и решавање на тековни проблеми од психолошка природа. | наставници | |
| 3. Следење на стручна литература | | |
| 4. Работа на проектите кои ги водам | | |
| 5. Дневни извештаи за работа на психологот | | |

| | | |
|---|---|---|
| 6. Психолошки работилници | | |
| 7. Советување на ученици | | |
| 8. Советување на родители | | |
| 9. Посета на часови | директор | |
| 10. Професионална ориентација | | |
| **АПРИЛ** | | |
| 1. Соработка со наставниците при избор на ученици кои посебно се истакнуваат по поедини предмети | | |
| 2. Посета на подрачните училишта | | |
| 3. Соработка со наставници вклучени во проекти | | |
| 4. Индивидулни и групни разговори со ученици со три и повеќе слаби | Наставници<br>родители | |
| 5. Психолошки работилници | | |
| 6. Соработка со наставниците од подрачните училишта и давање на инструкции во врска со третманот на надарените и креативните ученици | | |
| 7. Следење на реализацијата на поедини слободни ученички активности | | |
| 8. Работа на проектите кои ги водам | | |
| 9. Посета на часови | | |
| 10. Проверка на педагошка евиденција | | |
| 11. Советување на ученици | | |
| 12. Советување на родители | | |
| 13. Професионална ориентација | | |

| | | |
|---|---|---|
| 14. Дневни извештаи за работа на психологот | | |
| **МАЈ** | | |
| 1. Посета на подрачни училишта и разговор за конкретни педагошки прашања и проблеми | директор | |
| 2. Советодавен разговор со изразито слабите ученици | | |
| 3. Разговор со ученици кои покажуваат интерес за упис во средните училишта во други општини надвор од Битола | | |
| 4. Соработка со наставници при реализација на програмата за професионална ориентација | | |
| 5. Соработка со родителите и давање на конкретни напатствија за професионалото ориентирање | | |
| 6. Работа на проектите кои ги водам | | |
| 7. Запишување на првоодделенците | | |
| 8. Соработка со наставниците вклучени во проекти | | |
| 9. Советување на ученици | | |
| 10. Советување на родители | | |
| 11. Дневни извештаи за работа на психологот | | |
| **ЈУНИ** | | |
| 1. Учевство во работата на училишните совети за сите одделенија заради утврдување на успехот | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2. Разговор со учениците кои се упатени на дополнителна настава | | |
| 3. Разговор со родители чии деца се упатени на дополнителна настава | | |
| 4. Учевство во изготвување на Годишниот извештај за работа на Училиштето | | |
| 5. Работа на проектите кои ги водам | | |
| 6. Дневни извештаи за работа на психологот | | |
| 7. Активности поврзани со проектот „Бесплатни учебници“ | | |

## СОРАБОТКА СО СТРУЧНИ ОРГАНИ ВО УЧИЛИШТЕТО

| **СОДРЖИНА НА АКТИВНОСТА** | **Време на реализација** | **Соработка** | **Забелешки** |
|---|---|---|---|
| НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ<br>-Презентација на резултатите од разговорот со децата за прием во прво оделение. | IX | наставници | |
| -Тема: “Изготвување на ИОП” | X | | |
| -Тема: “Следење на емоционалниот развој на учениците” | I | | |
| -Тема:”Примена на награди и казни во одделението” | III | | |
| -Тема:”Работа со надарени ученици - новини” | IV | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -Теми по барање на наставниците | тековно | | |
| СТРУЧНИ АКТИВИ | | | |
| -Соработка во реализација на нивната програма. | | наставници | |
| -Помош при изработка на тестови на знаење. | | | |

**СОРАБОТКА СО СТРУЧНИ И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ НАДВОР ОД УЧИЛИШТЕТО**

| **СОДРЖИНА НА АКТИВНОСТА** | **Време на реализација** | **Соработка** | **Забелешки** |
|---|---|---|---|
| ❖ Биро за развој на образованието-Битола | IX-V | Советници | |
| ❖ Средни училишта | VI | | |
| ❖ Основни училишта | IX-VI | Стручен тим | |
| ❖ Советувалиште за ментално здравје | По потреба | | |
| ❖ Медицински центар | По потреба | | |
| ❖ Друштво на психолози | По потреба | | |
| ❖ ОО на Црвен крст | III | | |
| ❖ Завод за вработување – Битола | По потреба | Тим за професионална ориентација | |
| ❖ Центар за социјална работа | По потреба | | |
| ❖ Филозофски факултет- | По потреба | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Скопје | | | |
| ❖ Општина Могила | По потреба | Градоначалник,<br>Советник за образование | |

Психолог

Јасна Ѓоргиевска

______________

ГОДИШНА ПРОГРАМА

За работата на Одделенскиот совет за учебната 2014/2015година

Август, 2014 година

ВОВЕД

Покрај наставничкиот совет како највисок стручен орган во училиштето во Законот за основно образование важно место зазема и Одделенскиот совет.

Според член од Законот за Основно образование, одделенскиот совет го сочинуваат сите наставници од паралелките каде што се изведува настава, стручните работници и директорот. Со одделенскиот совет раководи директорот на основното училиште.

Во рамките на Одделенскиот совет се утврдува полугодишниот и годишниот успех на учениците како и поведението на учениците, се одредуваат одделенски раководства и слично.

Со оглед на фактот дека во предметна настава има за секое одделение по една паралелка, секој класен раководител е одговорен за своето одделение, додека пак за одделенска настава каде има четири паралелки се избира еден одговорен наставник како раководител на одделенските наставници.

Во оваа учебна година, како и во минатата се планирани четири Одделенски совети и тоа два во прво полугодие, два во второ односно, два на крајот од учебната 2013/2014година.

АВГУСТ

| Ред. бр. | Содржина на работата | реализатор |
|---|---|---|
| 1. | Формирање на паралелки од I-IX одделение и определување на одделенски раководства; | Директор |
| 2. | Распределување на одделенски раководства од VI до VIII одд. и определување на бројот на | Директор |

| | | |
|---|---|---|
| | часови за секој предметен наставник; | |
| 3. | Формирање на слободни ученички активности; | Наставници |
| 4. | Утврдување на распоредот на часови во новата учебна 2014/2015 година. | Наставници Директор |

ДЕКЕМВРИ

| Ред.бр. | Содржина на работата | реализатор |
|---|---|---|
| 1. | Анализа на успехот на учениците во првото полугодие од учебната 2014/2015година; | Директор наставници |
| 2. | Утврдување на полугодишниот успех на учениците и нивното поведение; | Наставници |
| 3. | Определување на мерки за подобрување на успехот и поведението на учениците. | Психолог Директор |

МАРТ

| Ред.бр. | Содржина на работата | реализатор |
|---|---|---|
| 1. | Разгледување на успехот на учениците во второто тримесечие и нивното поведение; | Наставници |
| 2. | Мерки за подобрување на успехот и поведението; | Психолог |
| 3. | Советодавно - консултативни разговори со наставниците за претстојните локални, општински и регионални училишни натпревари. | Психолог Директор |

ЈУНИ

| Ред.бр. | Содржина на работата | реализатор |
|---|---|---|
| 1. | Утврдување на годишниот успех и поведение на учениците за учебната 2014/2015година; | Наставници |
| 2. | Организирање на продолжена настава; | |
| 3. | Предлог, распределба на одделенија, одделенски раководства, предмети, часови и слободни ученички активности за учебната 2015/2016 година. | Директор<br>Наставници<br>Психолог |

Август, 2014 година

Директор

Лилјана Костовска

ГОДИШНА ПРОГРАМА

За работата на наставничкиот совет во учебната 2014/2015 година

Август, 2014година

ВОВЕД

Наставничкиот совет е највисок стручен орган во училиштето кој се заснова со програмирањето и реализирањето на наставните планови и програми, издадени од Педагошкиот завод на Македонија, законски зацртано со член  од Законот за основно образование.

Наставничкиот совет пред почетокот на новата учебна 2012/2013 година  ја донесува својата програма за работа, која ја програмира целокупната стручно- педагошка работа во остварувањето на воспитно образовниот процес и ја следи реализацијата на Наставниот план и програма за сите видови настава и за вонннаставните активности за секој наставник, и постојано ќе се грижи за воведување на иновации во наставно-воспитната  работа.

Работата на Наставничкиот совет се одвива на редовна седница еднаш месечно а по потреба и повеќепати, на овие седници ќе бидат застапени актуелни прашања, советувања и работилници организирани од БРО Битола или пренесување на искуства од семинари при реализација ан проекти што ги реализираат одредени наставници.

## ТЕМАТСКИ СОДРЖИНИ НА НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ

### АВГУСТ

| Ред. бр. | Содржина на активноста | реализатор |
|---|---|---|
| 1. | Распоредување на одделенски раководители на паралелките, часови, секции на слободните ученички активности | Директор<br>Наставници |
| 2. | Формирање на паралелки од I-IX одделение и назначување на соодветни одделенски раководители | Директор<br>Психолог |
| 3. | Распределување на одделенијата по училници | |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Утврдување на распоредот на часовите во новата учебна 2014/2015година | Директор |
| 5. | Информирање на наставниците за одржување на семинарите од страна на БРО-ПЕ Битола | Психолог, Наставници |
| 6. | Укажување на наставниците за одредени пропусти во водењето на педагошката документација | Психолог<br>Директор<br>Наставник |

СЕПТЕМВРИ

| Ред. бр. | Содржина на активноста | реализатор |
|---|---|---|
| 1. | Донесување на годишна програма за работа во новата учебна 2014/2015 година; | Психолог |
| 2. | Распоред на дежурни наставници за време на големиот училишен одмор во текот на неделата | Директор |
| 3. | Распоред за дополнителна и додатна настава | Наставници |
| 4. | Разгледување на годишните распределувања и одстранување на недостатоците; | Директор<br>Психолог |

ОКТОМВРИ

| Ред. бр. | Содржина на активноста | реализатор |
|---|---|---|
| 1. | Увид во водењето на педагошката евиденција и документација-одделенските дневници; | Тим за проверка на педагошка евиденција |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Тековни прашања | Директор<br>Психолог |

НОЕМВРИ

| Ред. бр. | Содржина на активноста | реализатор |
|---|---|---|
| 1.<br><br><br>2.<br>3. | Анализа на успехот на учениците во првото тромесечие од учебната 2014/2015 година<br><br>Мерки за подобрување на успехот и поведението<br>Проектни активнисти | Директор<br>Наставници<br>Психолог |

ДЕКЕМВРИ

| Ред. бр. | Содржина на активноста | реализатор |
|---|---|---|
| 1.<br><br><br>2.<br><br>3. | Утврдување на полугодишниот успех на учениците и нивното поведение во I полугодие<br><br>Определување на мерки за подобрување на успехот и поведението на учениците;<br>Разгледување на можностите за зимување на учениците; | Наставници<br>Директор<br><br>Психолог<br><br>Директор |

ЈАНУАРИ

| Ред. бр. | Содржина на активноста | реализатор |
|---|---|---|
| 1. | Увид во педагошката евиденција на наставниците | Директор<br>Психолог |
| 2. | Изготвување на полугодишен извештај за работа на училиштето; | |
| 3. | Тековни прашања во врска со зимскиот распуст. | Наставници |

ФЕВРУАРИ

| Ред. бр. | Содржина на активноста | реализатор |
|---|---|---|
| 1. | Информативни разговори со наставници за планирани посети на часови во одделенска настава; | Директор |
| 2. | Увид во реализирање на слободните ученички активности; | Директор<br>Психолог |
| 3. | Презентирање на резултатите од тестирањето на брзината на читање на нелогичен текст во II одделение. | Психолог |

МАРТ

